РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-4674/8
07-07-2022 20 год.-vit'e
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за трговија и услуги
ЛИРЕКС СКОПЈЕ ДООЕЛ
Бр. 0307-25/22
11.07. 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

## за набавка на стоки за набавка на AUTOCAD лиценца single user за еквивалентен софтвер за работа за потребите на Министерство за труд и социјална политика

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерство за труд и социјална политика**, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер **Јованка Тренчевска**, во понатамошниот текст: Набавувач , и

2. **Друштво за трговија и услуги ЛИРЕКС СКОПЈЕ ДООЕЛ**,со ЕМБС **6371337**, со седиште на **бул.ВМРО", 3/8-2, 1000 Скопје**, претставувано од управител **Ангел Тончев Иванов**, во понатамошниот текст: Носител на набавката .

## II. ДЕФИНИЦИИ

**Член 1**

За целите на овој договор, одделни поими и изрази употребени во овој договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган**„ - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**„ - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки**„ - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена**„ - е цената која ја побарува носителот на набавката како што е утврдено во овој договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака**„ - значи предавање на стоките од страна на носителот на набавката на договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој договор, на начин на кој договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

6) „**Сродни услуги**„ - претставуваат пропратни услуги на набавката на стоки, како што е осигурување, инсталација, почетно одржување и други слични обврски на носителот на набавката според условите наведени во овој договор;

7) „**Сервисирање**„ - претставува отстранување на сите грешки (дефекти и слично) и технички недостатоци, како и вградување на потребните резервни делови на испорачаните стоки;

8) „**Подизведувач„** - е домашно или странско правно или физичко лице, кое треба да достави кој било дел од стоките или да изврши кој било дел од сродните услуги преку под договор склучен со носителот на набавката.

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како постапка од мала вредност за набавка на стоки во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи ) и важечките подзаконски акти, како и материјалните прописи кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-4674/1 од 16.06.2022 година, одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-4674/7 од 29.06.2022 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација .

Предмет на овој договор е **набавка на AUTOCAD лиценца single user за еквивалентен софтвер за работа за потребите на Министерство за труд и социјална политика.**

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Јазик на договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на договорот, е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Вредноста на овој договор изнесува **248.000,00** денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност изнесува **12.400,00** денари.

Вкупната цена на набавка со пресметан данок на додадена вредност изнесува **260.400,00** денари.

| | **опис** | **Единечна мерка** | **количина** | **Вкупна цена без ддв** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | AutoCAD (последна верзија) including specialized toolsets AD Commercial | парче | 1 | **248.000,00** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | New single-user лиценца (или single user лиценца на еквивалентен софтвер за работа со dwg. фајлови) | | | |
| | **Вкупно без вклучен ддв** | 248.000,00 | | |
| | **ДДВ** | 12.400,00 | | |
| | **Вкупно со ДДВ** | 260.400,00 | | |

## VI. РОК ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРЕДМЕТОТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Рокот за реализација на предметот на договорот е рок не подолг од 20 (дваесет) календарски дена, сметајќи од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

## VII.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Договорот е со важност од 1 ( една) година, сметано од моментот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

Одредбата од член 8 во делот сервисна поддршка која се однесува на времетраењето на поддршката на носителот на набавката за целото важење на лиценцата има важност од 36 месеци од денот на инсталација на лиценцата, односно од денот на издавањето на гарантниот лист.

## VIII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува *10%* од вкупната вредност на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот, односно по истекот на една година согласно член 6 став 1.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## IX. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 8**

Носителот на набавката е должен да ја испорача лиценцата во рок не подолг од 20 (дваесет) календарски дена, сметајќи од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

Носителот на набавката е должен изврши набавка на 1 лиценца за AUTOCAD (последна верзија) лиценца со траење од 36 месеци или 1 single user лиценца на еквивалентен софтвер за работа со dwg. фајлови.

Софтверот кој е предмет на набавка треба да ги задоволува минимум следниве барања:

| Реден број | Опис на функционалност |
|---|---|
| 1 | Палети со алатки |
| 2 | Интелигентен команден прозорец |
| 3 | Цртање во 2Д (точки, линии, полилинии, полигони, правоаголници, кругови, елипси, лакови, криви линии,...) |
| 4 | Формирање на блокови и шрафирање |
| 5 | Уредување (бришење, копирање, шаблонско копирање, огледално пресликување, мултиплицирање, поместување, ротирање, зголемување/намалување, сечење, растегнување, групирање и одгрупирање на објекти, сечење и заоблување на агли, експлодирање, ...) |
| 6 | Внесување на текст во една линија и текст во повеќе линии, можност за порамнување на текст, алатка за „superscript“ и „subscript“ |
| 7 | Транспарентност на објекти и слоеви |
| 8 | Можност за „ласо“ селекција на објекти |
| 9 | Формирање на слоеви и нивоа (леери) |
| 10 | Котирање, модифицирање на истото по сопствени потреби, креирање на нови сетови за котирање |
| 11 | Специфицирање на единици |
| 12 | Работа во ортогонален и поларен систем |
| 13 | Позициски (snap) алатки |

| | |
|---|---|
| 14 | Креирање на табели, внесување на формули во истите и увоз и извоз и извоз на истите во MS Excel |
| 15 | Креирање, вметнување, редефинирање и експлодирање на блокови, креирање на динамички блокови |
| 16 | Работа со X-ref |
| 17 | Креирање и менаџирање на Viewports |
| 18 | Креирање и зачувување на темплејти |
| 19 | Моделирање во 3Д и визуелизација |
| 20 | Зумирање |
| 21 | Увоз и конверзија на pdf фајлови |
| 22 | Алатка за конверзија на фајлови во и од dwg |
| 23 | Можност за поврзување и складирање на податоци во клауд |
| 24 | Неограничена можност за работа со фајлови креирани со претходни верзии на софтверот |
| 25 | Печатење и планирање на повеќе цртежи во исто време |
| 26 | Да подржува Autolisp, VisualLisp, VBA, NET, C++ |
| 27 | За оперативен систем Windows 10, 64 bit |

Мора да постои систем/метод за префрлање на лиценцата на друг сервер во случај на промена или дефект на хардверот или на оперативен систем на серверот на кој е инсталирана лиценцата.

***Сервисна поддршка***

Од денот на приемот на Софтверот од страна на Министерството за труд и социјална политика, економскиот оператор во гарантниот рок(36 месеци) треба да обезбеди поддршка преку електронска пошта или посебна директна линија преку интернет за поддршка на далечина, преку телефон и преку web кориснички форуми.

Доколку за време на гарантниот рок дојде до некои неисправности во работењето на софтверот или некој негов дел, понудувачот на софтверот е должен во рок од 3 (три) дена на соодветен начин да ги отстрани неисправностите.

Носителот на набавката е должен да обезбеди гарантен лист за набавка на 1 лиценца за AUTOCAD (последна верзија) лиценца во траење од (36 месеци).

## X. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 9**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавката од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 1% од цената утврдена во член 4 од овој договор за секој ден доцнење, а не повеќе од 30% од вредноста на договорот.

## XI. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 10**

При изготвувањето на фактурата, носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата (во случаи на правдање на аванс итн.);
- валута на плаќање.

## XII. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 11**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши по приемот и инсталирање на лиценцата.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го изврши во рок од 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган.

Прилог на фактурата е гарантен лист за испорачаната опрема од носителот на набавката .

## XIII. КВАНТИТАТИВНА И КВАЛИТАТИВНА КОНТРОЛА

Член 12

Во текот на примопредавањето се утврдува квалитетот и квантитетот на испорачаната стока. Доколку квантитетот или квалитетот не соодветствува со утврденото во техничките спецфикации дел од тендерската документација користена во постапката, договорниот орган веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на приемот го известува носителот на набавката до достави стока согласно критериумите. Носителот на набавката во таков случај треба да постапи веднаш и да достави стока со бараниот квалитет и квантитет. Ќе се смета дека носителот на набавката паднал во задоцнување ако испораката на испрваната стока надминала временски период од 20 дена од денот на склучување на овој договор.

## XIV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 13

Носителот на набавката е должен да ја испорача опремата на начин и услови предвидени во тендерската документација.

Место на доставување на опремата е Министерство за труд и социјална политика ул.Даме Груев бр.14, Скопје.

Член 14

Носителот на набавката должен да ја испорача лиценцата во рок не подолг од 20 (дваесет) календарски дена, сметајќи од денот на потпишување на договорот од двете договорни страни.

## XV. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 15

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цена на носителот на набавката, по извршената испорака а во рок од 60 дена од денот на доставувањето на фактура од страна на носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Танче Ѓеоргиевски или друго лице овластено од Министер.

## XVI. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 16**

За сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XVII. ВИША СИЛА

**Член 17**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој договор до кое би дошло поради виша сила. Ако една од договорните страни е спречена поради виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

По отстранување на вишата сила договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## ОБЕШТЕТУВАЊЕ

**Член 18**

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни обврската може да се даде дополнителен рок за нејзино исполнување доколку можностите го дозволуваат тоа, а чија должина ќе зависи од природата на работата, Договорниот орган има право да ја активира банкарска гаранција и да бара надомест на штета и наплата на договорна казна.

**Член 19**

Носителот на набавката се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

**Член 20**

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој тој инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

**Член 21**

Поради неисполнување на обврските од страна на носителот на набавката договорниот орган има право на надомест на обична штета и испуштена корист, освен активирање на банкарска гаранција.

Договорниот орган ако се повика на повреда на договорот е должен да ги превземе сите разумни мери за да се намали штетата предизвикана од таа повреда,инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 22**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусобно договарање.

**Член 23**

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

## УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 24**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право да ја активира банкарска гаранција и да бара надомест на штета и наплата на договорна казна.

**Член 25**

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

**Член 26**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот,должна е тоа да и го соопшти писмено на другата договорна страна без одлагање.

## КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 27**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 28**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 29**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 30**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Министер,**
**Јованка Тренчевска**

**Управител,**
**Ангел Тончев Иванов**

Изготвил:Маја Додевска Пешевска
Согласен:Славица Костовска
Контролирал:Љубица Панова